28533

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP
pres-kliping • press-clipping
(Osnovano 1952. godine)
JUGOSLOVENSKA NOVINSKA AGENCIJA DOKUMENTACIJE
NOVINSKA RADNA ORGANIZACIJA
PRESS PUBLISHING ENTERPRISE
Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95.
Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-603-15330
DEVIZNI RAČUN KOD BEOBANKE 60811-620-16-320000-011-00674
Isečak iz lista
Newspaper cutting
EKRAN
Скопје
22. 1. 1982 ,584,4,

МУЗЕЈ НА СОВРЕМЕНАТА УМЕТНОСТ

НОВИ ТЕНДЕНЦИИ ВО УМЕТНОСТА

ИВАН ГЕНЕРАЛИК: КОСОВКА

Денешното постоење на Скопје по земјотресот на 26 Јули 1963 година е засновано врз еден величествен израз на солидарноста. Во рамките на таа солидарност вткаено е и создавањето на Музејот на современата уметност. Неговото формирање, како плод на светската солидарност на уметниците, ја определи основната стратегија во создавањето на неговата колекција, која содржи творби во кои се изразени актуелните стремежи, движења и правци, присутни во поновото ликовно творештво, како во Европа така и во светот.

И во определувањето на битните елементи на физиономијата на првата варијанта на својата постојана постановка од 13 ноември 1973 година при свеченото поставување, МСУ тргнуваше од основните цели и задачи на своето дејствување: прикажување на современите уметнички дострели прилагодени со расположивиот материјал на Музејот.

Во разговорот што го водевме со другарката **Љубица Дамјановска**, виш кустос при Музејот, дознавме дека постановката содржела 434 дела, од кои 200 слики, 155 графики и 79 скулптури. Со одминувањето на времето Музејот го следел уметничкиот тек збогатувајќи го ликовниот фонд било по пат на откуп, размена или позајмување на ликовни творби од сродни институции и поединци. Тоа придонесе постојаната постановка на Музејот да претрпи повеќе измени и дополнувања.

Најновата варијанта на постојаната постановка која и денес ќе може да се види во МСУ беше поставена во 1979 година. Таа содржи 240 ликовни дела и како таква сосема се разликува од првобитната како по начинот на распоредот така и по нејзината дидактичка поставеност.

Благодарение на ваквата измена е овозможено полесно следење на развитокот на современите тенденции во уметноста кај нас и во светот.

Во продолжение Дамјановска нагласи дека во претходните варијанти на постановката доминантно место и припаѓало на апстрактната уметност, додека кај сегашната постановка посебно место зазема обновената фигуративна уметност, новиот реализам, поп-артот, хипер реализмот, новиот надреализам, како и дела што и припаѓаат на концептуалната уметност.

М. П.